## Постапка за бришење од регистарот на физички лица кои вршат туристичка дејност од мал обем

**Постапката за бришење од регистарот на физички лица кои вршат туристичка дејност од мал обем отпочнува со поднесување на Барање за бришење од регистарот на физички лица кои вршат туристичка дејност од мал обем. Кон Барањето се поднесува:**

Решение за упис во регистарот на вршители на туристички услуги од мал обем и

Доказ за платена административна такса (50,00+250,00 денари).

Во Архивата се потврдува приемот на поднесокот и се води деловодник за поднесоците.

Пријавата се заведува во интерна доставна книга и се доставува до Раководителот на Секторот кој поштата ја парафира и ја доставува во Раководителот на Одделението за ЛЕР;

Раководителот на Одделението за ЛЕР, ја парафира Пријавата и ја доставува до самостојниот референт надлежен за вршење на работите од областа на угостителството, туризмот, трговијата и занаетчиството;

Самостојниот референт за угостителство, туризам, трговија и занаетчиство ја разгледува Пријавата, ја заверува во Архива и ги заведува податоците од Пријавата во Регистарот на физички лица кои вршат туристичка дејност од мал обем, согласно Правилникот за формата, содржината и начинот на водење на регистарот на физичките лица кои вршат туристичка дејност од мал обем (Сл. Весник на РМ бр. 116/06);

Еден примерок од Пријавата се доставува до странката, додека еден примерок Самостојниот референт за угостителство, туризам, трговија и занаетчиство го документира според дата на поднесување;

Самостојниот референт за угостителство, туризам, трговија и занаетчиство, на секои шест месеци доставува извод од Регистарот на физички лица кои вршат туристичка дејност од мал обем до Раководителот на Секторот, Раководителот на Одделението за ЛЕР и Секторот за инспекциски надзор.